Стојанче Андов

РЕКИ ВАВИЛОНСКИ

Скопје 2010

Со благослов на Неговото блаженство,
архиепископ Стефан,
Поглавар на Македонската православна црква

Вовед

Книгата која во рака ја држите, е книга испеана од искрената душа на богољубниот Стојанче АНДОВ, кој и самиот ќе рече: "Исполнет од Христа...Кој живее во мене„. Оваа книга не содржи стихови - тиради, туку тие се искрени записи на неговите длабоко доживеани верби и поколенија кон Севишниот, кон Учителот. Писанието кое го изучува Стојанче Андов, длабоко го сокрива во себе и од Него вдахновен и восхитен, го запишува своето видување на прочитаното и осознаеното.

Сé што запишал овој млад и даровит поет, е химнично испеано, поточно од срце излеано и ако некаде погрешил треба да му простите. Зашто како што вели тој самиот: "Само кога љубиме може да видеме дел од создавањето„ , а тој "Штом ја отвори устата, песнопенија создава„ и се прашува: "Кој ќе ми даде крилја гулабови, па да одлетам и да се успокојам„.

Ќе му препорачам: "Трпение до крилјата гулабови„ , зашто, треба да знае дека "Неспокојот создава....„

Михаил Ренцов

Низ новата стапка на духовната поезија (наместо биографија)

По Втората светска војна, со појавот на модернизмот и неговите подправци, на литературната сцена се појави таков впечаток дека духовниот свет воопшто не претставува инспирација за новите писатели и поети. Вниманието целосно беше свртено кон земното и материјалното, а атеизмот и гностицизмот станаа популарни помеѓу луѓето, посебно меѓу младината, така што не можеше да се мисли на обнова на духовниот живот, барем во наредните четириесетина години.

Пред десетина години во литературата беше забележан обид од неколкумина чешки и полски поети, римокатолици, да биде обновена духовната поезија, но тоа остана само како обид. И денес ја гледаме истата пасивност на луѓето. Но, од пред неколку години, поточно од 2007 година, литературната историја доби нов борец за обнова на духовната литература, тоа е младиот поет, богослов, патописец, Стојанче Андов.

Во оваа морничава реалност, Божјата љубов успеа да го загрее детското срце на Стојанче и тој стана првиот млад поет, кој целосно се предаде на Христа како единствена муза и инспирација во поезијата. На 16 – годишна возраст тој ја издаде својата прва збирка "Ќе те славам вечно Господи„, и со тоа докажа дека православната вера се враќа помеѓу младината. Набрзо потоа, односно есента 2008 излезе и неговата втора збирка "Му верувам„. Како млад богослов и иден пастир во Црквата Христова, по милоста Божја, тој во оваа збирка ги искажа своите религиозни чувства и духовни

опити во активниот живот на нашата Црква. Важно е да се спомене дека за целото време на неговата млада литературна поетска кариера, Андов како најголема поддршка и наставник го имаше славниот и добро познат гигант на Македонската литературна сцена, поетот Михаил Ренџов. Но, во правилниот развој на неговата духовна православна мисла влијаеше и татковската љубов на неговиот духовен отец, архимандритот Партениј, игумен на Бигорската обител, како и поткрепата од блаженииот архиепископ Стефан.

Стојанче со своите две предходни збирки и со оваа трета, ги обнови темелите на нова литертурна појава во Македонската современа книжевност – Духовна поезија. Искрено се надевам дека по милоста и промислата Божја, ќ е се појават многу млади поети кои ќе го поддржат делото на Стојанче. Сега Стојанче слободно може да ги каже оние зборови на Константин Миладинов: "Јас го посеав семето, а вие бидете живи да го ожнеете неговиот плод„. Но бидејќ и знаеме дека Христос е неисцрпна ризница на инспирација, искрено се надеваме дека неговото творештво никогаш нема да запре:

"Верувај ми чедо, нема поблагопријатна работа од копањето во Христовото лозје„.

Александар Димоски

Сите луѓе се мои браќа, а сепак јас
се разликувам од нив.

Со сета своја љубов,
тебе стихољубецу
ти ја посветувам оваа книга!

И штом ја отвора устата,
песнопенија возгласува!



И додека востануваше денот,
Бог на утринска молитва ме повикуваше,
за благо утро и свет ден, благословен!

Блажен те нарекуваме, преподобен оче Серафиме, и го почитуваме твојот спомен, наставнику на монасите и собеседнику на ангелите!

Боже, очисти ме мене грешниот и помилуј ме...

Реки Вавилонски

При реките Вавилонски на каменот
седев и од искона за сите
прегрешенија низ мисли
миомирни си редев.
Зборот Твој го барам за да
ме Помјанеш со благодатта несоздадена,
од предвечност сопостоена-небитијна,
низ јазол од времиња изливана.
Од сите реки излеани,
низ сите камени ѕидови
за сите души очистени.

Не давај во амбис длабок
гревовите да нè однесат,
ниту студот хималајски
вечно да нè замрзне.
Излевај покајание за сè
додека телото си го носиме,
крај реките свои Вавилонски
да плачеме...

Мистичен допир со светоста!

Низ потрага по изгубеното се впуштам,
по вратата кон Исток талкам,
смирено чекам, за патот, животот
и вистината да ги најдам.
Чекорите свои по патот ги бројам,
од аголот мириса на јоргован,
а минутите го одбројуваат
предвкусувањето на радоста
во Царството на Вечниот Отец,
за јас исполнет од Христа,
воздухот рајски да го вдишам
и да се впуштам од земјата кон небото,
во допир со трансцедентното.

Јас веќе не живеам,
туку Христос живее во мене.
(Гал.2,20)

Христос

За нас,

пострада на

Лобното...

Дните на човекот се како трева,
како полски цвет, така прецветува тој:
ќе дувне ли над него ветар, и веќе го нема
и местото веќе нема да се познава.
(Пс.102,15-16)

Садот на времето нема да протече
залудно на песокта бројна,
зашто јас сега сум човек,
кој чекори во нов живот,
за да прераснам во планина,
а да не се смалам во зрнце песок.
Моите катадневни обиди за почеток
на нешто ново е тагата денес,
но утре ќе донесе радост.
Кога ќе издржам долго,
тогаш ќе истраам, ќе победам,
и до крај ќе научам вечно да се
РАДУВАМ!

Направи да бидеме едно семејство
што живее во едно срце,
со една љубов,
како еден човек,
по предвечната Твоја промисла за прворожденото Адам!
(Мол.)

А сега остануваат овие три работи:
верата, надежта и љубовта.
Најголема меѓу нив е љубовта.
(1.Кор.13,13)

Целиот оголен во страв ја барам
близината Твоја,
од која беѓа секое зло,
а Ти, помогни ни во невреме страшно,
Пастиру наш!

Господ со мир ќе го благослови народот Свој.
(Псал. 28,11)

Во Тебе!

Во мисла сум дали денот е краток,
налик ко звук на песна
или долг како струење на ветерот?

Нов почеток за Тебе,
обожувачки да почнам, и собитен
на Телото и Крвта да станам.

Ти позволи нов крин да изникне!

Кој ќе ми даде крилја гулабови,
па да одлетам и да се успокојам.
(Пс.54,6)

Заплачи душо, покај се и влези
во радоста на Твојот Христос!

Во осаменоста на моето битие во
ламбната соба храната ја јадам,
со прекрстени раце, за плодовите од
земната нива, како дар од Севишниот,
во телото ми да ги примам.
Не плаче мислата кога злото го носи,
солзите брана во зениците изградија
и од срцето наредба чекаат,
за да се пролеат.
Заплачи, душо грешна, пред небото и земјата,
роди се во радоста литургиска,
солзни потоци создади и бели кринови напој.

Протечете, води солзни, натопете срце тврдо,
полнете ги раните гревовни, да не болат,
духот да не го печат.

Протечете, води солзни, страстите згаснете ги,
полињата измијте ги.
Протечете, води солзни,
телото измијте го и мене,
за ново раѓање во Земјата на
Нероденото, подгответе ме!

Не плашете се!
Јас сум, не бојте се!
(Марко 6,50)

И на Господа!

Времето ги голта зборовите,
а споменот сведочи дека
СПАСЕНИ СМЕ
преку Христа Исуса.

Со преумен чекор на мислата
и скончание на моето битие,
со ангелите во воздухот да се сретнам
и на Господа,
кога времето ќе се исполни,
отчет да Му дадам за животот свој.

Колку се ѓолеми делата Твои Господи,
сè си создал премудро!
(Пс.103,24)

Од векови,
секојдневни изгрејсонца крај
вознесенската палуба изгреваат,
а бродот со својата цел плови низ водите,
за да приј̀де до заливот каде живее
Царско свештенство и свет народ.

Се затишувам од утрото кога
првите зборови ми ѓи ѓовори сонцето,
ветерот ми ветува ќе ми биде
Предвесница.

Го славам утрото на Изгревот!

Нешто тивко се случуваше,
вознесенско изгревање царуваше
на бродот...
близу заливот.

Овој ден е сè што имам и овие часови
се мојата вечност.
(...)

Да молчи сè!

Ох, кога лелекот мој,
од небо до земја ќе викне,
да го чујат ангелите
и да се исплаши птицата што лета.
Тогаш насмевни се небо светло,
во твоите прегратки поведи ме и
од маките бројни избави ме.

Чуј ги, земјо, маките мои,
разбери ги поплаките мои!

Гласу на моето молење, надмини го
звукот на милозвучните кимвали, зашто јас
гледам "Очи, во кои тишината плови!"

Времето е кратко за да мразам,
а долго за да љубам!



Јас спијам, а срцето мое е будно!
(Песна 5,2)

Со љубов јас се радувам на твоето тивко постоење,
за заедно да битисуваме,
до небо да викнеме , со лелекот, низ плач
простување да изпросиме.

Радоста се наоѓа во зрно песок од пустината,
зашто зрното песок е еден миг од
Создавањето на Земјата еднаш проколната,
а вечно благословена.

Сè молкна...секаде тивко е !
Амин!

Пустината останува секогаш иста.
Така ќе биде и со љубовта
која ќе остане низ годините на Земјата!
(Алх.)

Патувам со вас и со ветрот,
за да стигнам до
каменот на моите поведенија.

Ве љубам јас- синови на Небесата,
брака на една капка солзена.

Вие сте Синови на Љубовта,
која со нас плаче и катадневно
кулата на животот ја гради.

Сè сака затоа што сè сака
и само еден закон води до под
куполата каде широко нè чека
Христос – Пантократор.

Ве љубам јас - синови на Небесата!

Во крајот,
започнува мојот нов живот!

Песна победна

Победна песна за Царот на славата
се возгласува и химната на победата
тивко се вознесува.
Човек на молитвата,
цврст храм со устата гради
и крстот свој беспрекорно го носи.

Со силата на молитвата,
мостот гревовен меѓу човекот и злото го руши
и со Коработот Спасителен
кон Небесата пловиот.

Во верата ја наоѓа молитвата,
во Црквата вистината, во љубовта...
ја наоѓа љубовта која
никогаш не умира!

Господи, патот на неправдата
да биде далеку од мене и со Твојот закон
помилиј ме!
(Статија)

По стапките

Продолжувам да чекорам
без своја цел во младоста,
небаре владее некој со мене или, пак,
јас сакам да ѕирка во срцето мое.

Го познавам Оној,
Кој стапките мои ги следи
и разумно по патот на младоста ме води,
зашто во себе јас од памтивек
Го носам!

ТИ
Остануваш во сите векови
Вечен Првосвештеник по чинот
Мелхиседехов.



Ти благодариме и за оваа служба...
(Лит.)

Сабота на ново изгрејсонце раздени,
секој јазик да исповеда
за тајната на времето.
За кайка нов живот
моментно чекорам,
да ја најдам и да слушнам:
Благословено Царство...

Во свет каде животот не го брои времето,
во храм каде шестокрилните ангели
ја пеат најсветата песна Трисвета и
земја каде скончанието нема
власт над телото.
Ноќта помина, денот се приближи,
за само еден момент кога нешто чудно
се случуваше,
вознесуваше,
говореше и се служеше
Литургија на моментот!

Секое тело ќе го види спасението Божјо!
(Лука 3,6)

Соборно во красна Скинија,
питијата на животот
нам ни ги источуваш.

Благодатен потоп подај ни,
од плодовите вечно напоени
споменот на Заветот мистичен
да го славиме.

Ти од небитие во битие си нè привел,
и нас, паднатите, пак си нè подигнал.
(Лит.)

Небесна Епиклеза (Коленоприклонети)

Трпеза на питја небесни
пред Престолот Троичен светиите
принесуваат и Трисветата песна
ангелите Му ја пеат.
Свет е Господ Саваот
во висините
Свет е Царот на славата.

Златоустиот Јован,
Великиот Василиј и
поборниот Григорија на
небото литургисуваат и
Епиклеза за целиот свет
на Бога принесуваат.

Алабастрен сад со елеј на радост сите
светии и небесни сили на Севишниот
Му даваат.

Ние на земјата благодарење по трпезата
изговараме и соединети занавек со
Троичниот Бог се обожуваме.

Телото мое Он го очисти,
самоволно пострада за мене да ме
научи на јазикот на
љубовта,
солзата,
допирот и
насмевката!

Благословен е Господ, зашто Он го чу гласот на молитвите мои.
(Пс. 27,6)

Над крстот од црквата,
до цветот на бескрајноста,
во гробот Христов, Кој воскреснува,
на изворот на бесмртноста, до Христа,
Кој душите на сите на Себе ги уподобува.

Ти си Христос...
(Марко 8,29)

Двери изговарајте!
(Кога изгреваше сонцето!)

Двери слушнете, двери изговарајте,
двери гласно восиејте...
Воскреснатиот да се прослави,
Пасхата да засветли,
а човекот, во еклисиална ипостас да се роди.
Двери...
ХРИСТОС ВОСКРЕСНА!

Дните мои се во Твоите раце .
(Пс.30,15)

Во тишината нешто зрачи,
а срцето самотијата на
бескрајноста ја опишува.
Кога мислите високо ги
издигам, по патека скудна
чекорам, да го најдам
Учителот на мудроста.

Изгубено Цвеќе
барам, кое не се гледа,
ниту се допира.

Низ допир со Него, јас ќе се родам,
а едната ми мисла во тишината
ќе биде симбол на моето во мене.

Ќе се открие ли мислата, или пак
ќе се најдам во себе - не знам...

Д, сеѓак, нешто зрачи
во тишината...

Разговорот беше единствениот начин
да се заборави на стравот!

Одежда

На карпата ветерот ми говореше,
сета мисла во далечините ја нижеше
и нешто Велико славеше.
Со еден аршин ли да ја измерам
големината, или пак со срцето
сводот да го соберам?!

Покрај чинарот ќе седнам
и нова песна во ветеров ќе нижам.
...
Се насладувам со најслатките плод,
созерцавање на Неговото Лице!
СОЗЕРЦАВАЊЕ НА НЕГОВОТО ЛИЦЕ!

А животот вечен е тоа,
да Те познаат Тебе,
Єдиниот вистински Бог,
и испратениот
од Тебе Исуса Христа
(Јн. 17,3)

Со гласот свој викам кон Господа.
(Пс. 3,4)

Во воздухот...

Животот во реалност стана илузија,
се претвори во драма,
малку стварност...
Нереалност!
Семе од разни звуци израсна
и на совеста моја господар стана.

Ми се чини во моментов
не постојам и без здив долу длабоко лежам,
а духот мој говори.

Можеби кратко издивнав,
или пак во длабок сон заспав...

Ако беше илузија, ќе помине,
драма, ќе заврши.
Беше нешто...

Ние земните од земја создадени сме,
и во таа земја повторно ќе се вратиме!
(Мол.)

Ден, од времето кога изгрева сонцето,
во долината каде живее Пеликанот,
себе си за своите мали си се принесува,
а за себе говори:
СѢ Е СУЕТА!

Крајот се ближи и во новото
утро телото не се буди,
во времето кога сѐ земно останува,
часот тажно сведочи, а духот, пак, говори:
НАВИСТИНА
СѢ Е СУЕТА!

Те прославувам Тебе, Господи, со сето срце свое,
ги исвестувам сите чудеса Твои.
(Пс. 9,1)

Божилак

Цвет во полето
расцветува,
последна капка од листот паѓа,
а на небото голем божилак од
разни бои се појавува.

...Он ме слуша од Својата Света Гора.
(Пс.3,4)

Допир на небо

Крило на галеб во небото лета,
со совршена брзина, за Славословен
принос да принесе, со своето летање,
во висините да ја најде тајната на
допирот на небото, со совршеното.
Ќе здивне од воздухот на мирот,
крај тивкиот свод небесен
за да го научи јазикот
на допирот.

Низ тајната на совршеното
да ја открие кратката КАТАРЗА.
А потоа пак духот, во земјата на реалност
да го врати, за да чини ПРИЧАСТИЕ
на обредот споменит.
Летот на Гулабот го допира небото
Подножјето
на Троичниот Бог со брзина совршена,
БОГООТКРИЕНА.

Да тропне на
рајската порта
и да го побара
својот Спасител!

Елате благословени од Мојот Отец;
наследете го царството,
приготвено за вас од почетокот на светот.
(Мат. 25,34)

Денови ќе прозборат,
портите го отвараат минатото за да кажат
каде згрешивме,
до кога ќе спиеме?
Да оставиме на времето,
тоа ќе го каже своето.

Говори Пророкот,
остро нè казнува за гревовите наши.
Го барам времето скапо, да ја купам вечноста
и да ги изустам псалмите,
кои ќе ја отворат вратата за да Му служам на
ТВОРЕЦОТ.

До кога ќе спиеме?

Му благодарам на својот Бог преку Исуса Христа, нашиот Господ.
(Рим.7,25)

Седам крај изворот горчлив
од излеани скрушени солзи,
парче леб носам во торбата и
патувам по пустината.

Чуј ме и помилуј!

Ја чекам ноќта на земниот живот,
за да станам учесник во тивката
светлина
на светата слава на Отецот Небесен,
во почетокот којшто ќе нема крај.

Чуј ме и помилуј!

Допушти ми да здивнам, пред да заминам
и да ме нема веќе.
(Пс. 38,13)

Минливост на времето

Пламен ги голта зборовите,
а само чадот на момент посведочи
дека постоев некогаш.
За утре не знам дали зракот ќе го видам
или, пак, утрото ќе го помирисам.
Деновите како восок се топат,
болките откровение носат,
за крајот на земното издихание.
Од дните мои остана името,
кое некогаш испишано ќе биде
на плочата...
крај гробот мој!

Милоста и вистината ќе се сретнат,
правдата и мирот ќе се целиваат!
(Пс. 84,10)

Облечена со алиштата на пријателството,
мојата душа,
следбеник по Вистинската Муза битисува,
и целивот на мирот
на Христа непредавнички Му го подарува.

Но Бог ја докажа љубовта Своја
кон нас со тоа,
што Христос умре за нас, уште додека бевме
грешни.
(Рим.5,8)

Од гроботѿ...

Крај езерото

Врвам по патот на минатото,
ја следам светоста на духот
и во ноќта,
крај мирното езеро
повторно се раѓам.

Тука е света земјата,
тука пеат Арханѓелите,
а духот на Црноризецот со кукол
на главата
благодат на секој новодојден му дава.

На Твојата тајна вечера...
(Мол.)

Приклони се!

Приклони се душо моја,
итај и подрани кон Сион,
излеј мириси од алој и касија,
барај радост за мелем на
болката гревовна.

Приклони се и влези во радоста
на Твојот Христос!

Музика духовна до мене стигнува
и од срцето тагата ја брка!

Кога Умирам...

Таг̄а,
таа п̄ред вратата ми стои,
со желба да ја отвори и да ме зароби!

Мислите,
повторно мислите злобни ѕвонат
и на беззаконие брзаат
да ме наведат.

Срцето,
тоа срце сакаат
да г̄о скаменат, а неговото чукање
да г̄о умртват.

Страдањето,
повторно страдање
од кнезот земски чувствувам и во
вериг̄и до смрт сака да ме измачува.

Верата
и таа згасна во мене.

Сè ли исчезна во ноќта во која умирам?





Никогаш да не заборавиме дека братот наш
е нашиот живот!
(Мол.)

Печат

Љубовта моја,
недадена, изгубена,
оставена, невозвратена...
од моето ми најмило.

А љубовта од Бога
излеана, вистинска,
силна, Отечка.

И таа љубов во срцето затворена,
со восок запечатена, јас сакам
на судот Христов пак
во мене да воскресне.

Спуштете го сидрото,
застанете и пуштете ме да се
хранам од плодовите на Бог,
Кој ја создаде целата Природа!

Здодевноѿо нишало оѿчукува
рамнодушно. Два часоѿ по полноќ!
(...)

Со ѓорчинаѿа на моиѿе солзи,
можев безѓрешно да плачам.
Јас сѐ уШѿе ѓо барам паѿоѿ, во
некоја улица...но сеѓа
во моеѿо срце, каде нема
плеада на луѓе, ниѿу
нечии срца.

Оној кој иде, ќе дојде
и нема да задоцни.

Со слепило суета судаме на
очните капаци, а кога
Градот на славата ќе стигне,
Царскиот Ерусалим ќе востане,
а ние пред Христа каков
одговор ќе дадеме?!

Заради Твоето име Господи,
прости ми го гревот мој, зашто е голем.
(Пс. 24,11)

Мерзост на запустение робува,
низ дните мои кога од
искона момент на тага
до плачот на судините се издига.

Солзите да го сотворат новото раѓање
на моето спасение,
а душата да востане
и крстопоклоно метанија на Царот да
Му принесе.

Гласот на мојот вонмем да биде знак за
моето ново обраќање,
мојата нова молитва
нов почеток на стихот,
кој Тебе Ти го пренесувам:

Слава Ти за сè!

Кога ќе дојде совршеното,
тогаш ќе исчезне делумното.
(1.Кор.13,10)

Под Крстот...

Господ го сотвори овој ден
радосно да преумствуваме,
...
но кога ќе научиме
да Благодариме!

Тебе ѿем....
(Мол.)

На лицето твое ја гледам солзата,
која низ умствен плач
ПО ЛИЦЕТО СЕ ИЗЛИВА!

Молчам и солзата твоја ја гледам...

Прости ни го секое согрешение,
волно и неволно.

Освети ги нашите души и тела
и дај ни во светост
да Ти служиме во сите денови на нашиот живот...
(Лит.)

Научи нè да се молиме еден за друг!
(Лит.)

Време со своите капки

Воплотувањето Твое нè собра
за да Го јавиш страдањето на Лобно.

Ветерот кој на Лобното,
некогаш крај Тебе дуваше,
исплашен од твоето распнување,
и денес,пак, со еден шум говори
за Твојата смрт.

Сонцето, кое од страв се помрачи
и болката Твоја ја виде,
сведочи за раните Твои свети,
и водата со која од Твоето
тело Адам го изми.
Земјата од жал се распука,
времето со своите капки горко заплака,
кога, Ти, дозволи високо на крст да Те распнат.

Длабока е болката од отсуството Твое!...

Ќе му пеам на Господа преу целиот мој живот,
ќе му пеам на мојот Бог сè додека постојам.
(Пс.103,33)

Издихание

Срцето свое на мојот Христос ќе го подарам,
а само една капка од
добрината Негова ќе побарам.

Од каде ќе почне почетокот ?
Дали ќе ја облечам
ризата црна и со раширени раце
за светот да се распнам,
и тогаш да почнам
како извор полноводен
да живеам и во Христа
издихание да примам?

Цветот на утрото...

Во доба на ладно утро се будам
со мисла како денот
да го воспеам?
Со песна, молитва топла
и убава мисла во утрото
кога се слави тишината.

Душо моја, душо моја, стани, зошто спиеш?
Крајот се ближи!
(Кондак)

Аскетски плач на човек грешен од
земјата кон небото излевај, душо,
во Премин од време во вечност,
чиста кон Таткото да се вратиш,
во лоното Авраамово.

Непрестано научи да
ја чиниш литургијата
со почеток од вечноста,
без крај во векот на вековите!



Ќе го сакам сонцето
Зашто тоа ги топли коските мои;
сепак, ќе го сакам и дождот зашто
тој ми ја
прочистува душава.

(Ог Мандино)

Ти си Оној Кој што принесува и Се принесува,
Кој прима и Се раздава, Христе, Боже наш!
(Лит.)

Жртва на пофалбата

Прелеста на пролетта,
во вечерта низ дувањето на тивкиот ветар,
дали вратата на
новото време ја отвараше,
или пак сè беше како кратка илузија,
претворена во лажна пролет?
Остана да сведочи местото на кое некогаш
во далечното време
трпезата со Агапи споменито
меѓу Киновитите црнорисци
телата ги напојуваа за Духот на молитвата
да продолжи Името
да го повторува.

Во реалноста нешто чудно се
случува кога времето својот
чекор го менува.

Телото со грехот се бори...
а денес,
денес од далечното време
остана да сведочи
местото...

Времето се исполни и царството Божјо наближи, покајте се и верувајте во Евангелието.
(Марко 1,15)

Силниот ветер новиот ден со
утрото го носи,
а звукот негов во темната ноќ,
налик на беснило
мене сака да ме исплаши.
Човекот, денот во времето го носи,
небаре ден го благословува,
ден го проколнува.

Чиниш виновно му е сè
и сака од животот да се одмори,
како цел век јарем од олово да носи.

Силниот ветер денов нов го носи,
а човекот...

Тој не знае како да му се
насмее на утрото,
во денот кога победата
над смртта
се слави.

Небесата ја објавуваат славата на Бога,
а за делата на рацете негови
известува сводот небески. (Пс. 18,1)

Мистично...

Втемелен,
со телото во духот,
соединет занавек со Христа,
низ отелотворение мистично
започнувајќи нов почеток на
литургија по литургија!

Да го слават Господа сите поколенија!

Излеај!

Муза на мојот живот, со Кој душата ми
од Тебе дадена зборови нови за
Сепрославениот раѓа, озарена од
дарот на Светиот Дух
на ветар и сонце,
во тага и радост
благодат излива.
Отпуштаеши за кореном гревовен
просам, за бестелесните враѓови
да ги скрушам и моето
целомудрие да го задржам.

Дури и кога телото продолжува да живее,
Душата свенува;
и луѓето ќе можат да кажат
дека во тоа тело некогаш имало човек!

(...)

За нас да нѐ направи подобни..
(Лит.)

Победа

Слепа низа од денови,
во која низ векови плаче љубовта,
за човекот крстно се издигна, а
очите Го повикуваа Таткото на Небесата.
Страдањето на Човекот ни
донесе нова епоха, а
како Симбол Вечен ја прогласи Љубовта,
тогаш...
победата ја проголта смртта.

Предаден за нашите гревови
и воскреснат за наше оправдание
(Рим.4,25).

Бели ризи

Победата ја обессили смртта,
животот го проголта смртното,
за јас чист да се родам,
а Ти да ми постанеш секогаш Отец по
Твојата милост.

Спасени сме од гревот прекуТвоите раце.

ТИ,
долгот скапо го отплати,
за од темнина и умирање да нè сочуваш.

Ты еси, сладкий Иисусе,
Ты еси Создатель мой;
в Тебе, Спасе, оправдаюся.

Удостој нè, Владико, со смелост и без осуда,
да смееме да Те повикуваме Тебе,
Небесниот Боѓ!
(Лит.)

На тремот на побожноста,
ѓолемо тајнодејствие
со Словото катихетски ѓовори,
за целиот Лаос тајната на
Писмото да ја прими.

Моето молчење да биде знак на
мојата покорност кон Тебе,
дрвото со солзи ќе ѓо поливам,
за плод на послушание да Ти донесам.

Раката Твоја подај ми ја, Благи,
во смртна природа не оставај ме,
а наследник во Вечноста
покажи ме!

Вкусете и ќе видете колку е благ Господ!
Блажен е оној човек, кој на Него се надева.
(Пс.33,8)

Он и Јас

Реалност на време,
во денови изброени,
на едно остана да се надевам,
милиот ми Господ,
Кој во тагата со мене тагуваше,
во тегобноста помагаше, во радоста,
Он, со мене се радуваше.

Можеби Господ ја создал пустината,
за да може човекот да и се радува
на глетката на палмите!
(Алх.)

Колку пати сум го гледал небото
без да ја видам неговата длабочина?!
(Алх.)

Во ветрот ангел

Ќе го имам целиот живот на умирање,
за да преминам во живот без грижи,
без тага и без страдања.
Нешто ново да затаам, или пак
небото да го покријам со килибарна боја,
собрано во простор без крај.
Таму каде постојано леам солзи
да ги собирам зборовите,
да ги бројам деновите,
сказани од искона.
А јас, во ветрот ќе бидам ангел
на илузија, во ноќта
кога ја следам својата сенка!

Добар дел од животот поминуваме во сон,
посебно кога сме будни.
(...)

Време на ЈОРГОВАНИ!

Ќе умреш можеби како што умира денес
светлината, но утре, ти, пак ќе се родиш
во светлината, а јас, носен од повејот
на ѕвездите, ушите мои ја слушаат
љубовта која нè повикува на мирисот
на ЈОРГОВАНОТ!

...

Со горчината на моите солзи,
можев безгрешно да плачам...

Не плачи чедо,
набргу ќе дојде Господ и
ќе уреди сè!
(Влад. Неколај)

Ново време

Не знам дали по овие исти песочишта некогаш
повторно ќе поминеме во сон на една ноќ
или
сè се губи до далечината на трепереењето,
а се создава ново време.

Сè е сегашност!

Да не се знае е да се живее. Да се знае,
да се умира...
за утре можеби пак
телото на земјата ќе се разбуди.

Ох, сè е сегашност!

И сега запрен за миг, се чини дека пак се
сеќаваш,

но, продолжи...
можеби утре пак ќе се разбудиш,
а тогаш,

ЗАБЛАГОДАРИ!

Јас бедниот,
твојата љубов ја просам...

Можеби пишувам за оние кои не ме читаат,
но јас пишувам за детето кое талка на плоштадот
и сиие под сонцето, за старецот кој копнее да
излезе надвор од домот, под небото.

Пишувам за љубовта, но уште не знам
дали јас љубам...
не знам.

Пишувам заради зраците кои ме топлат,
за ветерот, кој тајни ми открива и за
радоста која Троичниот Бог ми ја дава.

Можеби во нечии усти мојот збор се слуша,
зборот таму се наоѓа.
За тие пишувам.

За тебе!

За тебе човеку, кој, без да сакаш да ги погледнеш, ги читаш овие букви.

За тебе, сè што е во тебе и за Бога јас пишувам!

Дојде моментот на таговна радост, а ти
РАДУВАЈ СЕ!

Непознат старец (поет)

Ме викате Господ

Ме викате Господ,
а далеку сум од вашите срца.
Ме викате Учител,
а не се поучувате од мене.
Ме викате Пат,
а не одите по мене.
Ме викате Вистина,
а не сведочите за Мене.
Ме викате Љубов,
а не ме љубите.
Ме викате Пастир,
а бегате од Моето стадо.
Ме викате Врата,
а не чукате на неа.
Ме викате Вечен,
а Ме убивате постојано.
Ме викате Спасител,
а не барате помош.
Ме викате Извор,
а не пиете од него.

Ме викаше Леб,
а не јадете од него.
Ме викаше Судија,
а се судите меѓу себе.
Ме викаше Лекар,
а одите по врачари.
Ме викаше Благ,
а се мразите.

Ме викаше Многумиостив,
а не делите милостина.
Ме викаше Човекољубив,
а се убивате.
Ме викаше Праведен,
а не ја сакаше правдата.
Ме викаше Свет,
а не се просветувате од Мене.
Ме викаше Татко,
а го напушташе Мојот дом.
Ме викаше Цар,
а не влегувате во Моето Царство.
Кога ќе дојдам пак
во сета Своја слава,
ТОГАШ
каков откуп ќе дадете?

Не сум достоен, Владико Господи,
да влезеш под покривот на душата моја.
Но, видејќи, како Човекољубец,
Ти сакаш да живееш во мене,
Дрзнувајќи се, пристапувам:
Повелаш, и ги отворам дверите
кои Ти единствен ги создаде,
за да влезеш со човекољубието
Каков што си:
да влезеш и да го просветиш
помрачениот мој разум.
Верувам дека ќе го сториш тоа...
(Мол.)

Најдобар воин е оној, кој ќе
успее од непријателот
да направи пријател!

Ќе се откажев од суетата да го видам
своето име печатено на своето дело,
но не и од себе,
ниту од тоа што сум!

**Светот со својата мудрост,
не го позна Бога
во Неговата Премудрост!**



Вистина, имав многу да ви пишувам, но не сакав на книга и со мастило, оти се надевам дека ќе дојдам при вас и од устата да ви зборувам, та радоста ваша да ви биде полна.

(2.Јов. 1,12)

А тоа море е пространо и Широко...

(пс.)

Стапките мои порамни ги ...

(пс.)

Чуј го гласот на молитвата моја...

(пс.)

Кога повикувам кон Тебе....

(пс.)

Пред Тебе се сите мои желби и воздишката не е сокриена од Тебе...
(пс.)

Слава Богу

Воскрнїе твое Христе спсе, агли поютъ на нестехъ, и насъ на земли сподоен чистымъ срцемъ тебе слабити.